На 6.12.2016 Мануел В. (роден 6.9.1994 година) е осуден на 2 години и 6 месеци малолетнички затвор за дело незаконско стекнување наркотични средства во 56 случаи, соизвршителство на 3 провали, соизвршителство на 3 обиди за кражба, соизвршителство во 11 случаи на разбојништво, 18 случаи на измама и проневера.

Лицето е германски граѓанин, не е во брак и има 1 дете со неговата 16 годишна девојка која повторно е трудна.

Тој веќе има сторено неколку престапи. Последен пат бил казнет во 2015 година поради возење без возачка дозвола, соизвршителство на 2 обиди за кражба, соизвршителство во 13 случаи на разбојништво и обид за провала, за што му била изречена мерка малолетнички затвор од 10 месеци, од која бил условно ослободен.

На судењето, обвинетиот признал дека купувал најмалку 1 гр. марихуана неделно за себе по цена од 10€ за грам во период од една година. Покрај тоа, заедно со друг сторител, тој користел незаконски добиена кредитна картичка за купување разни добра. Направиле вкупна загуба од околу 2000 €. Заедно со друг сторител извршил низа тешки кражби со провалување во туѓи простории. Обвинетиот бил под влијание на опојни средства и имал намера да се здобие со дополнителни приходи за финансирање на неговата потрошувачка на алкохол и дрога.

Судот постапувал согласно Кривичниот законик за малолетници. Поради бројот на сторени прекршоци, од кои голем дел се извршени за време на пробацискиот период, судот му изрекол казна малолетнички затвор, без никаков услов.

Следниот текст е извадок од воспитниот план на малолетничкиот затвор Хамелн:

> До 6 месеци возраст, лицето е под старателство на родителите. Мајката алкохоличар ги запоставувала него и неговиот брат. Кога била примена во психијатриски оддел на лекување подолг временски период, обвинетиот и неговиот брат биле испратени во згрижувачко семејство затоа што нивниот биолошки татко исто така не бил способен да воспитува деца. Откако неговата мајка завршила со третманот, тој се вратил кај родителите, околу една година подоцна. Во градинката што ја посетувал утврдиле дека детето е неисхрането и била повикана службата за грижа за деца. Обвинетиот и неговиот прат повторно биле сместени во згрижувачко семејство. Кога обвинетиот зборуваше за периодот поминат со згрижувачкото семејство, изјави дека имал многу убаво детство. Згрижувачката мајка потекнува од Србија, и тој неколку пати бил на одмор таму. Сè уште одржувал контакт со својата биолошка мајка, која на дел од овие средби била под дејство на алкохол. Обвинетиот изјави дека уште на 7-годишна возраст згрижувачката му кажала дека не ми е биолошка мајка. Ова го направило несигурен и предизвикало агресивно однесување кај него. Поради ова абнормално однесување бил испратен и на психолошки третман. Му било дијагностицирано растројство на дефицит на внимание со хиперактивност. Му била препишана терапија што ја примал до 13 годишна возраст. Кога наполнил 13 години, тој и неговиот брат морале да го напуштат згрижувачкото семејство заради лошото однесување. Двајцата биле сместени во различни центри за згрижување на малолетници. Останал во контакт со згрижувачките родители, но во центарот се чувствувал неразбрано и се бунтувал против правилата.
>
> Почнал да пие алкохол и да пуши марихуана. Бил хоспитализиран седум пати поради труење со алкохол. На 16-годишна возраст, бил подложен на третман за алкохолизам и апстинирал одреден период. Во центарот за детска и адолесцентна психијатрија му била препишана друга терапија. Како резултат на ова неговото однесување се подобрило за кратко време. Започнал да се обучува за градинар и на 17-годишна возраст се преселил во сопствен стан со

поддршка на Центарот за социјална заштита на малолетници и поранешните згрижувачки родители. Во меѓувреме престанал да ја пие терапијата и повторно почнал да пие. Ја прекинал и обуката. Кога морал да го напушти станот се вратил кај мајка си и лицата со кои што живеела. Во овој период немал никаков контакт со неговиот биолошки татко. Биолошката мајка сѐ уште била зависна од алкохол. Многу бил тежок соживотот со неа. Таа станувала многу агресивна кога ќе се опие. Обвинетиот исто така започнал да пие, пуши марихуана и со група луѓе да провалува во туѓи домови за да си обезбеди средства за живот. Кога бил под пробација, пробацискиот службеник му помогнал да се исели од кај својата мајка и да најде приходи за да го плати станот со тоа што го поврзал со центарот за вработување. Меѓутоа тој се вратил кај мајка си, повторно почнал да пие, а подоцна и да консумира канабис. Тој често го придружувал својот брат кој се коцкал во казиното.

Психолошкиот тест спроведен во малолетничкиот затвор резултирал со коефициент на интелигенција 101, што е оценето како просечна интелигенција.

Тој има дете со својата 16-годишна девојка. Официјален старател е Центарот за социјална заштита на малолетници. Момчето е родено со тежок физички хендикеп и често е подложено на операции. Има вештачки анус. Неговата девојка живее со детето во дом за мајки и деца и повторно е бремена од обвинетиот (6-ти месец).

Обвинетиот беше примен во подготвителна група за трансфер во отворено одделение и ставен под интензивен надзор. Добро се вклопил во оваа група, каде е најстар и се смета за зрел за неговата возраст. Кон вработените се однесува со почит и соодветно.
Поради тешката состојба со болното дете, дадена му е дозвола секоја втора вечер да телефонира на својата девојка преку официјалниот телефон и да се информира за здравствената состојба на детето. Во односот со неговата девојка е опишан како грижлив и одговорен. Тој најпрво заврши едномесечен курс во затвор и потоа бил ангажиран како редар. Потоа беше ангажиран да работи во градината. Тој планира да го продолжи своето стручно оспособување како градинар. Учествува во следните мерки: обука за вработување, живот без употреба на опојни супстанции, подобрување на когнитивните способности, програмата „Fit für die Familie“.

Иако во јавното обвинителство постапката против него сѐ уште е во тек, оваа институција немаше приговори за на лицето да му се дозволат погодности. Прво му беа дозволени излези со придружба, потоа излези без придружба за да заврши секојдневни обврски, и потоа и дополнителни погодности, како слободни денови на празници (можност да ги посети згрижувачките родители, партнерката). На почетокот овие погодности не предизвикаа никакви проблеми.

Во однос на планирањето на отпустот, уште во првиот план за издржување на казната е наведено дека е разумно да се размислува за условно ослободување од гледна точка на извршување на санкциите, за осуденото лице да може целосно да ја искористи помошта од пробацијата. Нотирано е дека по отпустот осуденото лице би можело да живее со своето поранешно згрижувачко семејство и има потреба од помош при наоѓање на домување и наоѓање на место за живеење. Името на идниот пробациски службеник ќе биде наведено во планот.

Понатамошните ажурирања на планот покажуваат дека обвинетиот ги искористил своите излегувања за да ја види својата девојка и нивните деца. За време на празниците контактирал и со раководството на домот за деца и мајки каде неговата партнерка живее со децата. Од домот се добиени позитивни коментари за посетата. Во

самиот затвор, местото на градинар не беше слободно и затоа обвинетиот прво беше вработен во кујната. Неговото работење и однос беа оценети како добри. Кога се ослободило местото на градинар, тој станал одговорен за градината на малолетничкиот затвор.

Во делот кој говори за идни цели на планот, дело од извештајот од 27 август, е наведено дека:

> условен отпуст за ова лице може да се планира за август 2019 година за да му се овозможи на обвинетиот да продолжи со својата обука надвор од малолетничката установа. Во други тековни постапки на обвинетиот му беше изречена казна затвор од 9 месеци, што исто така мора да биде земена во предвид. Во меѓувреме, обвинетиот имаше прилика да продолжи со своето стручно оспособување како градинар. Главните цели на подготовката на отпустот се соодветно образование и место за живеење, каде што би можел да живее заедно со неговата девојка и децата. Обвинетиот учествува во советување за справување со долгови.

Бидејќи обвинетиот бил фатен како ја консумира опојната супстанција „спајс“, морало да биде префрлен во затворено одделение. Затоа тој не бил во можност веднаш да продолжи со обуката што ја започнал во отвореното одделение.

По околу 5 месеци, повторно бил префрлен во отворено одделение за да продолжи со стручното оспособување за во иднина. Сепак, неговото поведение во затворот се влошило кога неговата девојка се разделила од него. Повторно го кршел куќниот ред на институцијата, но во градината работел правилно и доверливо. Согласно најновите измени на планот за условен отпуст, тој ќе ја комплетира првата година од стручното оспособување во институцијата и со втората година ќе продолжи во компанија надвор од институцијата, во тек на летото од 2020 година. Излезот од институцијата му бил дозволен за да присуствува на средбите за терапија за зависности, за посета на децата и други релевантни причини. Во расадникот колегите го почитуваат и ценат како колега на кој можат да се потпрат во секој момент. И понатаму е посветен на грижата за своите деца. Покажува чувство на одговорност и соработува со Центарот за млади. Доколку обвинетиот биде ослободен во летото 2020 година, ќе му останат уште 6 месеци од казната.